Врз основа на член 25 став 1 и 3и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 500 ДЕНАРИ СО ИЗМЕНЕТИ БЕЛЕЗИ**

**(„Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 88/2020)**

1. Во Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 500 денари со изменети белези („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19) во точката 2 се додава нов став 2 којшто гласи:

,,Се менуваат основните белези на книжните пари во апоен од 500 денари опишани во точка 2 г) од Одлуката за издавање апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија" бр. 45/96) и точка 2 од Одлуката за издавање и печатење банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/03), и тоа во:

- ставовите 1 и 2 бројот „4" се заменува со бројот „3,9".
- ставот 2 текстот: „Цвет - афион - Македонија", се заменува со текст: „Цвет - афион - Северна Македонија".

2. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/V-2/2020**
**30 март 2020 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**